Врз основа на одредбите од член 23 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14,153/15 I 99/16) Училишниот одбор на ООУ ,,Лазо Ангеловски,, Аеродром-Скопје ја донесе следната:

01-53/01
24.01.18

П Р О Ц Е Д У Р А

На собирање, обработка , објавување и чување на фотографии, видеа и други лични податоци на учениците кои ќе се објавуваат на интернет

Член 1

Со ова процедура се пропишува начинот на собирање, обработка, и објавување и чување на личните податоци - фотографии и видеа на учениците на ВЕБ страната на Контролорот ООУ ,,Лазо Ангеловски,, Аеродром-Скопје, и на социјалните мрежи.

Член 2

Обработката на лични податоци,односно објавувањето на фотографии и видеа од ученици на ВЕБ страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил, може да се врши само по претходна добиена согласност од родителот/старателот на ученикот.(Прилог1)

Одделенските раководители се должни да ги информираат родителите односно законските застапници на учениците, на почетокот на учебната година.

Член 3

Секој родител односно законски застапник на учениците потпишува изјава-согласност за обработката на лични податоци,односно објавувањето на фотографии и видеа од ученици на веб страната и социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил.

Член 4

Контролорот ООУ,,Лазо Ангеловски,, Аеродром-Скопје , овластува лице од редот на вработените за собирање,обработка и објавување на фотографиите на веб страната на училиштето и на социјалните мрежи на кои училиштето има свој профил.

Член 5

Секое друго објавување на фотографии и видеа од ученици на веб страната и социјалните мрежи од страна на вработените наставници, стручна служба и останати вработени во ООУ,,Лазо Ангеловски,, Аеродром -Скопје, е забрането и казниво.

Член 6

Во случај кога контролорот - ООУ,,Лазо Ангеловски,, Аеродром-Скопје, ќе утврди дека личните податоци кои се обработуваат не се во согласност со одредбите на Законот за заштина на личните податоци, истите ќе ги отстрани односно нема да ги објави.

Член 7

Контролорот ООУ ,,Лазо Ангеловски,, применува соодветни технички и организациски мерки за чување на личните податоци од учениците и врши бришење по истекот на определено време.

Член 8

Оваа Процедура влегува во сила од денот на донесување

Дата 24.01.2018

Претседател на УО

Цветанка Малческа

МП